ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

# НОВИНИ ВО СФЕРАТА НА ЛЕКОВИ ОД ПОЗИТИВНАТА ЛИСТА

30 септември 2014 година

# Содржина



I. Измени и дополнувања во одлуката за референтни цени на лекови од позитивната листа – намалени и нови референтни цени на лекови

II. Измени и дополнувања во Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ

# Новините се објавени во Службен весник на РМ:

- Две одлуки за референтни цени на лекови - објавени во СВ бр.138/2014 (во важност од 25.09.2014) и 141/2014 (во важност од 02.10.2014)
- Одлука за измени и дополнувања на позитивната листа – објавена во СВ бр.141/2014 во важност од 02.10.2014

# I. Нови референтни цени на лекови и измени во одлуката за РЦЛ

1. Утврдени се **13 нови референтни цени на лекови (генерика со форма и јачина) -** избалансирани, намалени цени на лекови со кои Фондот обезбеди најмалку по еден готов лек без доплата од осигурениците!
2. Дополнети се **нови 20 заштитени имиња на лекови** и со тоа е зголемен изборот за лекови на товар на Фондот
3. **Усогласување на податоци** за имиња на лекови и производители

# Нови референтни цени на лекови:

| Лекот е за | Генеричко име на леко | Фармацевтска форма | Јачина | Единици во пак. | Стара РЦ (пак. Во ден) | Нова РЦ (пак. Во ден) | Намалување на РЦЛ (%) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| трансплантации | Tacrolimus | Капсули | 0,5mg | 30 | 1.205,00 | 682,00 | -43,40 | Без доплата |
| | Tacrolimus | Капсули | 1mg | 60 | 4.335,00 | 2.201,00 | -49,23 | Без доплата |
| Остеопороза | Ibandronic acid | Раствор за инјекции | 3mg | 1 | 5.298,00 | 2.010,00 | -62,06 | Без доплата |
| Сиситемски Габични инфекции при трансплантации | Itraconazole | Капсули | 100mg | 15 | 896,00 | 800,00 | -10,71 | Без доплата |
| епилепсија | Oxcarbazepine | Филм обложени таблети | 300mg | 50 | 571,00 | 500,00 | -12,43 | Без доплата |
| | Oxcarbazepine | Филм обложени таблети | 600mg | 50 | 1.056,00 | 970,00 | -8,14 | Без доплата |
| паркинсон | Levodopa + carbidopa + entacapone | Филм обложени таблети | (50mg+12,5mg +200mg) | 100 | 5.140,00 | 4.303,00 | -16,28 | Без доплата |
| | Levodopa + carbidopa + entacapone | Филм обложени таблети | (100mg+25mg +200mg) | 100 | 5.340,00 | 4.573,00 | -14,36 | Без доплата |
| | Levodopa + carbidopa + entacapone | Филм обложени таблети | (150mg+37,5mg+200mg) | 100 | 5.614,00 | 4.573,00 | -18,54 | Без доплата |
| депресија | Venlafaxine | Таблети | 37,5mg | 28 | 158,00 | 141,00 | -10,76 | Без доплата |
| | Venlafaxine | Таблети | 37,5mg | 30 | 170,00 | 151,00 | -11,18 | Без доплата |
| | Venlafaxine | Таблети | 50mg | 30 | 422,00 | 202,00 | -52,13 | Без доплата |
| | Venlafaxine | Таблети | 75mg | 28 | 338,00 | 283,00 | -16,27 | Без доплата |
| | Venlafaxine | Таблети | 75mg | 30 | 362,00 | 303,00 | -16,30 | Без доплата |
| Миастенија гравис | Pyridostigmine | Таблети | 60mg | 20 | 310,00 | 294,00 | -5,16 | Без доплата |
| | Pyridostigmine | Таблети | 60mg | 150 | 2.325,00 | 2.205,00 | -5,16 | Без доплата |

# Со новите референтни цени на лекови:

- **Поголем избор на лекови – преку дополнетите 20 лекови по заштитено име за терапија на желудник, антибиотици, лекови за намалување на нивото на масти во крвта, Алцхајмер, астма и ХОББ, карциноми, против болки и покачена телесна температура**
- **Заштеди за осигурениците во ПЗЗ во проценет износ од околу 200.000 денари годишно**
- **Средства кои Фондот ќе може да ги искористи за повеќе лекови се 2 милиони денари на годишно ниво**

# II. Измени и дополнувања во Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ

**Промена во режимот на пропишување кај 29 генерики со форма и јачина (48 заштитени имиња) - осигурениците ќе може да добиваат препорака за лекови од повеќе специјалисти отколку досега:**

- Ursodeoxycholic acid (Ursofalk) кој е наменет за третман на жолчка и жолчни патишта, сега може да го пропишуваат и специјалисти инфектолози и болнички педијатри;
- Mesalazin (Mesalazin, Salofalk), за кронова болест, интестинален антиинфламаторен лек, сега може да го пропишуваат и болничките педијатри;
- Amiodarone (Amiodaron, Amiokordin, Cordarone), за срце, за аритмии ,сега може да го пропишуваат и лекари интернисти;
- Levothyroxine (Euthyrox, Gothyrox, Thyro 4), наменет за третман на болести на штитна жлезда сега може да го пропишува и избран лекар при хронична примарна хипотиреоза со следење на ефектот од субституционата терапија преку нивото на TSH најмалку еднаш годишно (од 0,4-4,5µU /mL); 10.000 осугреници ќе го почувствуваат ефектот од оваа измена
- Mycophenolic acid (Myfortic, Cellcept, Trixin, Mycophenolat mofetil Actavis) за трансплантации, имуносупресивни лекови сега може да го пропишуваат и болничките педијатри.
- Tacrolimus ( Prograf, Tracsus) кој влегува во групата на имуносупресивни лекови сега може да го пропишуваат и лекари хематолози.
- Salmeterol, fluticasone (Seretide discus, Airflusal forspiro) и Budesonide, formoterol (Symbicort turbohaler) и Formoterol, beclometasone (Foster) и Tiotropium bromide (Spiriva) кои влегуваат во групата на антитасматици сега може да го пропишуваат и интернисти и пнеумофтизиолози од центар за астма и ХОББ и пулмоалерголози

## Дополнувања и корекции за индикациите на лекови:

## За 14 генерики со форма и јачина (35 заштитени имиња)

- Ursodeoxycholic acid (Ursofalk) сируп кој е наменет за третман на жолчка и жолчни патишта - билијарниот тракт сега може да се пропишува за терапија на деца до 14 години болни од Цистична фиброза и со Алажил синдром (ретка болест);
- Cefadroxil (Alycef, Duracef) и Cefuroxime ( Zinnat, Xorimax, Aksef, Cefaks, Megasef, Inceptum-sanovel) и Cefaclor (Alfacet, Cefaklor Alkaloid) од групата на антибиотици цефалоспорини сега може да се пропишува и за генитоуринарни инфекции;
- Amoxicillin (Sinacilin, Hiconcil. Moxilen, Almacin, Ospamox) кој спаѓа во групата на бета лактамски антибактериски средства сега може да се пропишува и за одонтогени (стоматолошки) инфекции;
- Dydrogesterone (Dabroston),кој спаѓа во групата на полови хормони и лекови за третман на гениталниот систем сега може да се пропишува и за крварење во рана бременост; отсутна, скудна и ретка менструација; обилна, честа и нередовна менструација; друго означено ненормално крварење од утерус и вагина,

## Поширок опсег на употреба на лекот, преку бришење на индикации е овозможено за 6 генерики со форма  и јачина (10 заштитени имиња):

- Benzathine phenoxymethylpenicillin (Ospen) со новите измени нема ограничување во делот на индикации, односно, истиот ќе може да се пропишува без ограничувања од матичните лекари кај бремените жени и малите деца;
- Cefalexin ( Cephabos, Cefalexin Alkaloid, Palitrex) со новите измени нема ограничување во делот на индикации, односно, истиот ќе може да се пропишува без ограничувања од матичните лекари.

## Корекција на индикација кај 3 генерики со форма и јачина (12 заштитени имиња)

- Tamsulosin (Tanyz, Tamlos, Bazetham, Tanyz eras, Tamprost, Tamsulozin) и Finasterid (Finasteride Lek, Finpros, Proscar, Finasterid) и Dutasteride (Dutasteride) се брише индикацијата Артериска хипертензија во комбинирана терапија; по препорака на лекар специјалист интернист бидејќи лекот не е наменет за таа индикација;

**Дополнување на нови фармацевтски дозажни форми – кај 4 генерики (16 заштитени имиња) е извршено дополнување со нови форми за лековите:**

- Isosorbid mononitrat , лек за срце, (едно ново заштитено име) се дополнува со формата „таблета со продолжено ослободување“
- Metoprolol , лек против покачен крвен притисок (едно ново заштитено име) се дополнува со формата „инјекции“.
- Paracetamol, лек против болки и покачена телесна температура,  (три нови заштитени имиња) се дополнува со формата „инјекции„;
- Venlafaxin, лек против депресија, за нервен систем (11 нови заштитени имиња) се дополнува со формата „капсули со продолжено/модифицирано ослободување“

**Технички корекции кај 10 заштитени имиња за 2 генерики со форма и јачина**

**Сумарно, измените на ПЛЛ опфаќаат 58 лекови по генерика со форма и јачина или 131 лек по заштитено име од различни производители.**

# Ефекти:

**Со новините во делот на РЦЛ Фондот обезбеди:**

- ✓ Поголем избор на лекови за осигурениците
- ✓ Повеќе лекови без доплата од осигурениците
- ✓ Зголемена конкуренција за лекови на пазарот
- ✓ Поефикасно користење на средствата за лекови на Фондот/осигурениците
- ✓ Заштеди и финансиски олеснувања за осигурениците директно

**Со измените во Позитивната листа Фондот обезбеди:**

- ✓ Олеснета постапка за добивање лек на товар на ФЗОМ
- ✓ Поефикасно лекување и побрзо лекување за најмалку 400.000 осигуреници на Фондот кои полесно ќе добиваат лекови за хронична терапија
- ✓ Зголемен избор на лекови за осигурениците
- ✓ Заштеди на пари и време за осигурениците и здравствените установи

Благодарим е на вниманието!